Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје, како и врз основа на точка 2.2 став 5 и точка 2.3 став 1 од Анекс 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 20-та седница одржана на 19.06.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени на Одлуката бр.02-172/1 of 12.02.2010 година**
**за определување на времето за пријавување и објавување на склучена администраторска блок трансакција на Македонска берза АД Скопје**

1. Со оваа Одлука за менува точка 1 од Одлуката бр.02-172/1 од 12.02.2010 година на тој начин што наместо до 15:00 часот, пријавувањето на администраторска блок трансакција да се прави до 16:00 часот во денови на тргување.

2. Одлуката да се достави до архивата на Берзата, Комисија за хартии од вредност и за истата да се известат членките и јавноста.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 03.09.2018 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 19.06.2018 година, беше одлучено да се продолжи времетраењето на тргувањето на Берзата, па истото наместо до 13:00 часот да трае до 14:00 часот, поради што се наметна потребата од промена на времето на пријавување на администраторска блок трансакција и истото се продолжува до 16:00 часот во денови на тргување.

Врз основа на наведното, Одборот на директори на Берзата одлучи како во диспозитивот.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Коста Костовски**